УДК 949.717.06: 32.019.5 (45)

Кочо СИДОВСКИ

# СТАВОТ НА ИТАЛИЈАНСКАТА ЈАВНОСТ СПРЕМА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ ЗА ВРЕМЕ И ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

Појавата и развојот на македонското националноослободително движење во 80 тите години на XIX век било одраз на општата положба на Отоманската империја, економската и политичката ситуација во Македонија, како и на шовинистичките пропаганди на соседните балкански држави.

Потребно е, исто така, да се каже дека и покрај општите карактеристики на општествените процеси на балканските народи, во никој случај, не треба да се губат од предвид специфичностите во развојот на националноослободителните движења на секој народ одделно. Тие произлегувале од географските, економските, демографските и политичките услови во рамките на Отоманската империја. Во тоа е особено евидентен примерот на македонското националноослободително движење. Во неговиот развој, покрај општите услови на Отоманската империја кон крајот на XIX век, специфичен одраз имале посебните политички карактеристики во земјата — производ на црковните и просветните пропаганди на балканските буржоазии и буржоаски држави, на нивните шовинистички стремежи за поделба на Македонија. Освен ова треба да се нагласи дека македонското националноослободителното движење се појавило и како резултат на национално ослободителни појави на македонскиот народ — стремежот за внатрешна самостојна борба за национално и социјално ослободување.

Зафатеноста на Италија со решавањето на своите внатрешни прашања коишто произлегле од состојбата создадена со обединувањето на земјата во 1870 година и несреденоста на нејзините односи со соседите, не ѝ овозможиле поактивна политика на Исток, односно спрема Турција, во чии рамки влегувала и Македонија, за време на одржувањето на Берлински-

от конгрес во 1878 година, а и подоцна во различни фази на актуелноста на Источното прашање, кога се решавал проблемот за опстанокот на Отоманската империја. Меѓутоа, непосредно во годините пред Илинденското востание, во почетокот на XX век, можат да се забележат извесни промени што можат да се согледаат во повеќе правци. Тоа е евидентно на два плана: во контактите на Италија со големите европски сили во однос на македонското прашање и нејзиниот став спрема македонското националноослободително движење.

Италија, во својата империјалистичка политика, настојувала во решавањето на македонското прашање да се третира како трета заинтересирана сила покрај Русија и Австро-Унгарија. Сето ова Италија го правела, исто така, од позиција на свои интереси, бидејќи настојувала во Македонија, којшто се граничела со Албанија и за којашто, исто така, покажувала голем интерес, да се воведе мир.

Што се однесува до ставот на Италија спрема македонското националноослободително движење во периодот до избувнувањето на Илинденското востание во 1903 година, може да се каже дека во извештаите на италијанските дипломатски претставници поодредени гледишта, за горенаведеното прашање, нема. Главно, се регистрираат одделни настани за активноста на македонското националноослободително движење, како на пример аферата со Мис Стон во 1901 година. Голем одглас кај италијанските дипломатски претставници предизвикале настаните поврзани со солунските атентати. Сериозно внимание на сето ова му посветила и италијанската влада и тоа главно од две причини. Прво, од нејзината глобална источна политика каде што се залагала за одржување на статус-квото на Балканот во дадениот момент и второ, заради заштита на нејзините поданици што ги имала во значителен број во Солун.

Влијанието на италијанските револуционери Гарибалди и Мацини се одразило и врз раководните активисти на Внатрешната револуционерна организација, а особено на Гоце Делчев. Италијанскиот печат прилично опширно го регистрирал загинувањето на Гоце Делчев кај селото Баница во борбата со турските трупи.

Освен кај италијанската влада, голем одглас настаните од Македонија непосредно пред Илинденското востание во 1903 година имале и сред широката италијанска јавност, особено кај нејзините прогресивни кругови.

Македонското националноослободително и револуционерно движење во почетокот на XX век достигнало врвна точка во својот развиток. Повеќегодишната активност на Внатрешната револуционерна организација за зацврстување на организационите редови и за револуционизирање на македонските поробени маси дала плод. Насекаде во Македонија била разгра-

нета револуционерната дејност. Револуционерната организација проникнала во целокупниот живот на македонскиот народ. Настојувањето подобро да се изгради Организацијата, да се воспитуваат нејзините членови за смело и самопрегорно жртвување во револуцијата, претставувале една посебна карактеристика на движењето.

Благодарејќи на активноста на Внатрешната револуционерна организација дојде и до Илинденското востание кое претставува најзабележителна страница во историјата на македонското националноослободително движење. Големината на оваа мошне крупна пресвртница во поновата историја на македонскиот народ се изразува во чисто народниот карактер на ова востание, во кое дојде до величествен израз сенародниот стремеж за борба и слобода и вековниот стремеж за создавање на своја сопствена држава.

И покрај големиот број на извештаи на италијанските дипломатски претставници во Македонија, соседните балкански држави и Отоманската империја во кои се зборува за големите размери на револуционерното раздвижување по избувнувањето на Илинденското востание во 1903 год., тие, сепак, сè уште не ја увидувале суштината на Револуционерната организација како раководител на поробените народни маси и на Востанието. Тоа можело да се види и од првото реагирање на италијанскиот амбасадор во Цариград, Маласпина, во својот извештај од 8 август 1903 г. упатен до министерот за надворешни работи. Амбасадорот сметал дека „немирите“ во Македонија се предизвикани од надвор и дека не се резултат на внатрешните услови. „Е, на крајот, пишува меѓу другото тој, мое мислење е, а тоа го дели и поголем дел од моите колеги, дека ако се сака да се постигне за пократко време да се врати спокојството во Македонија, ќе треба силите да направат сериозни и енергични притисоци врз бугарската влада за да попречи да се формираат и да се снабдуваат во Кнежевството четите кои се префрлуваат без престан на отоманската територија“[1].

Во истиот извештај маркизот Маласпина зборувал „за жестокостите“ извршени од четите врз населението од турско потекло или за оние кои биле под влијание на странските пропаганди, за разрушени села, а сето тоа било базирано врз основа на информации добиени од Високата Порта. Меѓутоа, овој документ го критикува познатиот италијански публицист Анџело Перниче, кој вели дека акциите на четите на македонската револуционерна организација биле предизвикани од жестоките репресалии на отоманските власти врз македонскиот

---

1 Documenti diplomatici presentati al Parlamento Italiano dal Ministro degli Affari Esteri (Di San Giuliano), Macedonia. Roma 1906, 77—78.

народ[2]. Деманти на тврдењата на Маласпина наоѓаме и кај еден од најдобрите познавачи на Балканот и посебно на Македонија, Вико Мантегаца[3]. Тој, меѓу другото, пишувал дека: малубројните личности кои имале можност да посетат некои места во Македонија во навечерието на Илинденското востание од 1903 година, можеле да видат овде-онде урнатини и остатоци од цели села, разурнати од отоманските војски како одмазда за еден пораз претрпен во судирот со некоја револуционерна чета од која биле нападнати"[4].

Во секлој случај, ако денес внимателно се проанализира горе споменатиот извештај на Маласпина од 8 август 1903 година, изработен — како што самиот тој наведува — врз основа на разговорот со своите дипломатски колеги, како и врз основа на информациите што ги имал добиено од највисоките претставници на турските власти, може да се заклучи дека италијанскиот амбасадор, токму поради изворите од каде што ги добивал информациите[5] не можел да си создаде вистинска слика за настаните што во Македонија се одиграле во текот на Илинденското востание во 1903 година, како и за нивната суштина. Тој, секако, од своето службено место и функција ги следел настаните во Македонија и ја сфаќал сериозноста на ситуацијата. Меѓутоа, тој не сфатил дека „безредијата" во Македонија не се само безредија или стихиен бунт, туку добро организирано општонародно востание во кое учествувале повеќе десетина илјади вооружени и невооружени Македонци и припадници на други малцинства што живееле во Македонија, Власи, и во некои случаи Грци и Албанци, и дека тој револуционерен напор бил врвен дострел во дотогашната борба на македонскиот народ за ослободување од вековното ропство[6].

Избувнувањето на Илинденското востание, само по себе, ја предизвикало заинтересираноста кај доста италијански публицисти да пројават зголемен интерес за тоа каква цел имало поставено македонското националноослободително движе-

---

2 Augelo Pernice, Origine ed evoluzione storica delle Nazioni balcaniche. Milano 1915, 329.

3 Вико Мантегаца (1856—1933), директор или соработник на разни важни италијански весници, помеѓу кои: »Nazione«; »Resto del Carlino«; »Corriere della Sera«.

4 Vico Mantegazza, Macedonia (Marzo-aprile 1903). Milano 1903, 251.

5 За ова спореди: „Манол Пандевски, Илинденското востание во Македонија 1903. Скопје 1978, 248 и след.

6 Треба да се каже дека италијанските дипломати уште пред Илинденското востание причините за „безредијата" во Македонија ги барале во политиката на соседните држави, Србија, Грција и најповеќе Бугарија. За ова придонел, можеби, фактот што тие биле информирани за пропагандите на споменатите држави во Македонија, а веројатно и за обидот во 1897 година Србија и Бугарија да си ја поделат Македонија на интересни сфери. Револуционерната борба на македонскиот народ, предводена од Внатрешната револуционерна организација, италијанската дипломатија или не ја знаела, што не е за верување, или не ја земала како сериозен чинител. Меѓутоа, со текот на времето таа ќе ги корегира ваквите свои гледишта.

ње. За дејноста на Внатрешната револуционерна организација пишувал и познатиот италијански публицист Џовани Амадори — Вирџил. Во неговите размислувања се истакнува основното барање на Организацијата, автономија за Македонија. Меѓутоа, користејќи се во своето пишување со извори од грчко и бугарско потекло, Амадори — Вирџил изведувал погрешни заклучоци во третирањето на Внатрешната револуционерна организација. Тој дури сметал дека „македонската криза од 1903—1904 нема некој карактер на македонско востание", и дека струите коишто се појавиле во ВМРО во годините по Илинденското востание од 1903 година не биле последица на ништо друго туку од личните антагонизми[7]. Пишувањата на низа други автори од различна провиниенција ги демантираат таквите тврдења на Амадори-Вирџил.

Марко Дого во овој контекст правилно го истакнува фактот дека сведувањето на расправите на двете струи во македонската револуционерна организација на лични антагонизми, всушност претставувало непризнавање на историското значење на петте години — од Илинденското востание до Младотурската револуција — на остар судир околу ВМРО и во самите негови редови, врз јазелот на македонскиот автономизам на којшто ја врзувала својата судбина истакнатата политичка субјективност на „домашниот елемент"[8].

Но наспроти ваквите гледишта на Амадори-Вирџил италијанскиот печат дава доволно сведоштва за дејноста на Македонската револуционерна организација. Така социјалистичкиот „Аванти" на 8 септември 1903 година пишува: „Револуционерната организација на Македонија и на Одринско е значи една држава во отоманската држава. Македонската автономија се установи со своја влада, со своја милиција, со свои финансии и судство и ја обавува својата власт во мракот на шумите, тоа значи во месностите, каде што Турците не смеат да ги достигнат.

— Македонската организација истапува денеска на историската сцена со своето највисоко сведоштво, и тешкотиите што следуваа чинеа само една драма без да се познава главниот протагонист[9].

Интересни податоци за дејноста на еден од револуционерните водачи во Македонија, Васил Чакаларов, дава и трстјанската „Единост". Во бројот од 30 ноември 1903 година новинарот на овој весник ги изнесува деталите од неговиот разговор со водачот на востаниците во Костурскиот крај. Инаку разго-

---

7 Marco Dogo, La dinamite e la mezzaluna. La questione macedone nella pubblicistica italiana 1903—1908. Udine 1983, 181.

8 Ibidem, 185—186.

9 Христо Андонов-Полјански, Илинденското востание и меѓународната јавност. Скопје 1985, 303.

ворот бил воден во Белград. Откако му раскажал за борбите што ги водел во неговиот крај со Турците, пред и по Илинденското востание, и дека во Костурско за време на Востанието имало околу 2500 востаници, тој бил запрашан од новинарот: „Што мислите, дали е загушено востанието? — Револуцијата македонска — викна со силен глас — не може да се загуши дотогаш, додека во Македонија не се воведе некаков ред. Ние го грабнавме револверот и ножот да се бориме до последниот здив против турското тиранство“[10].

Дописникот на „Единост“ од Белград во истиот извештај вели дека Васил Чакаларов е „најголем јунак од македонското востание, за кого зборуваа и самите комити дека е поголем јунак од Борис Сарафов. Во тоа писмо нема сомнение, затоа што ниеден комитски водач не учествувал во толку борби со Турците и не им задавал на истите толку страв“[11].

За дејноста на Македонската револуционерна организација доста пишувал и кореспондентот на италијанскиот социјалистички весник „Аванти“, Одино Моргари. Тој се упатил во месец август во Бугарија обидувајќи се, без успех, да добие виза за да влезе во Македонија. „Во Македонија — пишува тој — не можат да влезат повеќе отколку две категории на личности: аналфабетите и четите. Кој знае да пишува не влегува. Факт е оти Турците не гледале драго на пратениците (еден месец порано почитуваниот Гвичардини се имаше безуспешно обидувано да ја посети земјата), на новинарите и на сличните индискретни пишувачи за пари кои оделе да го пикаат носот во нивните работи, па потоа да гакаат како преплашени гуски по весниците и во парламентите на Европа, веднаш штом имаат видено некој христијанин со шамивче на носот поради едно мало крвавење. Го сметаат за еден убиен и така над тоа се создаваат страшни легенди“[12]. Принуден да се запре во Софија тој непрестајно се зафатил да собира најширок број на сведочења од страна на бегалците кои го преполниле градот. И тие сведочења беа згрозувачки, зборуваат за одземање имоти, грабежи, насилства над жени и мажи, сите деликти достојни на други епохи и како дополнение често извршувани од страна на оние кои требало да го почитуваат законот[13].

Моргари во своите дописи ги известува своите читатели за целата подготвителна фаза на востанието опишувајќи ги надолго оние организации кои влегувале во Врховниот македонски комитет во Софија, „придворен и милитаристички“ во

---

10 Ibidem, 307.
11 Ibidem.
12 L'Avanti, 26 agosto 1903. Цитирано според: Francesco Guida, L'Insurrezione macedone del 2 agosto 1903 nella stampa italiana dell'epoca. Зборник Илинденско-Преображенското востание од 1903 година. София, 1983, 131.
13 L'Avanti, 29 agosto 1903. Ibidem, 131.

својот проект за анексија на Македонија од страна на Бугарија, со посредство на бугарска интервенција и дури и руска, и оние револуционерни организации кои, меѓутоа, ја почитуваат Револуционерната организација на Македонија и на Одринскиот вилает (Внатрешната организација) која била насочена за една автономна Македонија. Оваа внатрешна организација тој ја оценува како „една држава во Отоманската држава"[14]. Одино Моргари го истакнува неуспешниот обид за востание на Врховниот комитет од Софија во октомври 1902 година, недалеку од бугарската граница, а последица за ова било тоа, како што вели тој „остатокот од Македонија молчеше"[15]. Помеѓу двете организации, вели споменатиот автор, „Ударот дојде до таа точка што потече крв. Се отиде до таму што Врховниот комитет имал дури испратено платени убијци за да ги убиваат повидните луѓе на внатрешното движење. Нашите другари од Софија, на пример, го сметаат за сигурно дека социјалистот Александар Илиев, еден од водачите на Внатрешната организација, бил убиен во една заседа во Македонија веќе не од Турците, но од пратениците на Комитетот од Софија"[16]. Иако јасно благонаклонет на востаниците, не заборава да зборува за „патриотските уценувања" и за грабнувањата вршени од востаничките чети за финансирање на Востанието[17].

Наспроти првите успеси на турската воена репресија и непрекинатоста во продолжување на македонскиот отпор, иако со карактер не повеќе масивно но фрагментарно, Моргари забележува дека „подигнувањето на масите, избувнато овој август во Битолскиот вилает, можеби имало собрано сто илјади борци за две или три седмици; но веќе е завршено и се вратени на поединечни акции на чети вршени од 10—20000 луѓе. Кога по малку денови преминале од герила во судир на отворено поле востаниците помалубројни и послабо вооружени, веднаш ги почувствувале првите неуспеси. Истрајувањето на отпорот е случено на теренот на кој се војува, на герилската тактика на којашто се повратиле, на отпорноста, на омразата, на желбата за одмазда којашто ги распалувала востаниците, на сигурноста дека Турците на никого нема да му простат, но, исто така, на комплетното чувство за граѓанска свест и за татковина... иако доведено до најмали граници, какво што

---

14 L'Avanti, 8 settembre 1903, Ibid., 132.

15 Поглавните цели на врховистите, покрај ширењето на врховистичката пропаганда. се состоеле и во обидите за проникнување во редовите на Внатрешната организација и во провоцирање на „востание" во Македонија. Таков обид направиле во Горноџумајско во септември-октомври 1902 год. (тн. „Горноџумајско востание"). Тоа се намерува на силно спротивставување на Внатрешната организација.

16 Ibidem 132. Citirano spored: J. Petkanov, La Macedonia nella storia e nella cultura bulgara. Roma, 1941.

17 Ibid.

може да биде во главата на еден спартански борец" како го дефинира востанатиот селанец во кого ова чувство го има сретнато[18].

Во разјаснувањето на улогата на Внатрешната револуционерна организација свој удел даде и в. „Ил Кориере дела Сера". еден од најважните италијански весници коишто се зафатил со прикажувањето на Илинденското востание со непристрасност и поинакви обврски отколку другите весници, имајќи го предвид фактот дека во информирањето на читателите учествувале некои авторитетни имиња на италијанското новинарство и барем двајца дописници од Солун и Букурешт, следствено не еден единствен извор. Покрај другото, во своите дописи во овој весник познатиот новинар, Луиџи Барзини, разјаснува дека определените жестокости извршени од револуционерите служеле со цел да го размрдаат инертното европско јавно мислење. Подготовката за подигнување на вооружено востание во Македонија Луиџи Барзини ја датира од 1870 година и ја припишува, пред сè, на поповите и на учителите кои го „имаат разгорено огнот на фанатизмот на нивните следбеници". Крајно интересна е една друга забелешка на Барзини: „Со училиштата е создаден огромен број на учени пропаднати луѓе, кои го имаат напуштено теренот во барање на позиции кои Македонија не ги нуди и на должности кои турската власт на нив ги има негирано". Споменатите всушност беа револуционерните кадрови[19].

Дописникот од Букурешт на „Ил Кориере дела Сера", според Франческо Гвида, можеби бил првиот кој го одредил денот на Свети Илија како почеток на Востанието. Тој потцрта дека одлуката за него била донесена од револуционерните водачи, помеѓу кои се наоѓале Борис Сарафов, Даме Груев, бившиот училишен инспектор и фотографот Лозанчев од Битола. Востанието било извршено пред предвиденото време и претставувало одговор на репресијата водена од генералниот инспектор Хилми-паша[20]. На букурешкиот дописник на споменатиот весник покрај тоа му биле достапни многу детални информации за состојбата на востаничките чети и за нивното вооружување (тој исто така зборува за добивање на бацили кои служеле за предизвикување на колера и за друго оружје кое потекнувало од Русија, а кое било префрлено преку црноморските пристаништа, тие вести биле и потврдени[21]. Претстоеле, исто така, продлабочени и драматични опишувања на вооружените настани како што било освојувањето на Крушево, прво од страна на востаниците, и потоа од страна на Турците[22].

---

18 L'Avanti, 25 settembre 1903. Id., 133.
19 Il Corriere della Sera. 10 agosto 1903. I., 136.
20 Il Corriere della Sera, 19 gosto 1903. I.
21 Il Corriere della Sera, 9 agosto 1903. 22 settembre 1903. I.
22 Il Corriere della Sera, 19 e 30 agosto 1903. I.

Дописникот од Солун бил сведок на напрегнатата состојба создадена во овој многу значаен трговски центар од атентатите (се мисли на солунските б.м.) и од упаѓањето од востаниците, иако, во основа, градот не бил вовлечен во Востанието. Дописникот од овој град зборува за тајниот престој во Солун во l'Hotel International на Борис Сарафов, кој бил снабден со англиски и италијански пасош[23]. Значајна била и неговата вест, што била потврдена од повеќе извори, која се однесувала на една учителка (нејзиното име не ни е познато), која станала водач на чета. Е „многу убава, мургаста, стројна и има во погледот и во гласот таква сугестивна сила што, кога зборува помеѓу масите во агитацијата повикувајќи на борба против Турците, жените ја благословуваат и младите ја следат во планините“[24].

За дејноста на револуционерните водачи, Анастас Лозанчев и Ѓорче Петров, во 1904 година пишувал италијанскиот дипломат во Софија, Куќи Боасо. Во својот извештај од 30 август 1904 година, упатен до министерот за надворешни работи, Т. Титони, тој зборувал за состанокот одржан кон крајот на август 1904 година во истиот град на водачите на Врховниот комитет — генералот Цончев, полковникот Николов и Јанков. На седницата на тој комитет, според извештајот на споменатиот претставник, присуствувал Анастас Лозанчев како ополномоштен делегат на ВМРО чии претставници во Софија биле д-р Татарчев и С. Матов, а во Македонија покрај Лозанчев уште Даме Груев и Ѓорче Петров[25].

Италијанскиот дипломат, покрај другото, го истакнувал фактот дека кога се зборувало за состојбата во Македонија по револуционерното истапување од 1903 година, Лозанчев отворено изјавил дека македонските патриоти немаат намера да работат ниту за Бугарија ниту за Србија ниту пак за други сили, туку единствено што побргу да постигнат автономија за Македонија.

За овој состанок го известил Т. Титони веќе споменатиот Фаусто Боасо Куќи, италијански вондреден пратеник и ополномоштен министер во Софија[26]. Тој повторно, на 15 септември 1904 година, му пишувал на Титони за македонските комитети

---

[23] Il Corriere della Sera, 24 agosto 1903. I., 137.

[25] Стјепан Антољак, Један талијански дипломата о дјелатностима Анастаса Лозанчева и Ђорча Петрова у 1904 година. Miscellanea croatica et macedonica. Годишен зборник на Филозофскиот факултет (Скопје) 14 (1962), 98.

[26] Тој бил роден во Милано на 14.VIII 1864 година. Прво служел во италијанската амбасада во Берлин, потоа во 1889 година бил упатен во Белград. Оттаму бил преместен во Виена, па потоа во Минхен, Буенос Аирес, Букурешт, Сантијаго, а од 1902 година во Софија како дипломатски агент и генерален конзул. Од 21.I 1904 година ја носи титулата вонреден пратеник и ополномоштен министер од II класа.

и организации, па по тој повод дал неколку податоци за Лозанчев и Петров, кој нешто порано од овој првиот, пристигнал во Софија.

За Лозанчев рекол дека бил водач на чета и член на главниот штаб на востанието од 1903 година во Битолскиот вилает. Понатаму, Лозанчев, според мислењето на Куќи бил доста влијателна личност и слободно можело да се смета дека тој е приврзаник на бугарската експанзија во Македонија, нешто што е во контрадикција со претходното искажување на Куќи дека Лозанчев изјавил оти македонските патриоти немаат намера да работат ниту за Бугарија ниту за Србија[27].

Во еден извештај од 15 септември 1904 година, веќе порано споменатиот италијански дипломат Куќи Боасо, наведува како Ѓорче Петров пропатувал низ сите окрузи на Македонија и таму установил дека меѓу разните револуционерни групи се ширело живо незадоволство против претставниците на Внатрешната организација во Софија (Д-р Татарчев и С. Матов). Понатаму, во истиот извештај, се нагласува дека Петров стигнал во бугарската престолнина откако успеал да му побегне на надзорот на отоманските власти, а главната цел му била да се разгледа работата на претставниците на Внатрешната организација во Софија. Ѓорче Петров не криел дека сегашните водачи ја изгубиле довербата на македонскиот народ, кој жалел што биле направени жртви без никаков резултат, и заради тоа ги обвинувал оние кои биле на чело на востаничкото движење. Исто така и „генералот“ Дамјан Груев, кој бил водач на револуционерниот главен штаб, не уживал повеќе општа доверба и неговите го сметале за уморен и предлагале да се смени. Самиот Петров, како што се наведува во документот, тврдел дека во Македонија идејата за автономија сè повеќе си го расчистувала патот, признавајќи дека по склучениот договор со Турција, Бугарија не можела да посредува, како што во претходната година се очекувало, да ги ослободи „браќата“ од јаремот. Понатаму, Куќи известува дека активноста на организацијата би можела да биде ограничена заради тоа што бугарската влада нејзе ѝ ја ускратила секоја парична помош. Седиштето на организацијата било затворено и Д-р Татарчев се заканувал дека нејзиното седиште од Софија ќе го премести во Македонија[28]. Од доверливиот извештај на италијанскиот дипломат можело да се забележи дека тој бил запознаен со дејноста на Лозанчев и Петров. За првиот зборувал и во своето поранешно писмо до Титони од 30 август 1904 година, опишувајќи го неговиот став на седниците на Врховниот комитет во Софија, а во врска со автономијата на Македонија. Во својот

[27] Стјепан Антолјак, op. cit., 100.

[28] Ibidem.

втор извештај го прикажува Лозанчев како застапнки на бугарската експанзија во Македонија.

За личноста на Ѓорче Петров, Куќи Боасо ништо не зборува, туку само ја изнесува неговата функција и мисија по доаѓањето во Софија, потоа неговите изјави за водачите на Внатрешната организација и за замавот на ширењето на идеите за автономија на Македонија, и за улогата на Бугарија во 1903 година. Секако, овој дипломат знаел да ја процени улогата на Лозанчев и Петров во македонското движење во 1904 година. Затоа и сметал дека требало по доверлив пат да се информира Титони за нивната работа.

Порано споменатиот публицист, Амадори-Вирџил, зборувајќи за ситуацијата во Внатрешната револуционерна организација во 1905 година, ја истакнувал нејзината непомирливост со врховистичката организација. Тој го пренесувал пишувањето во „Револуционерен лист"[29] дека Македонската револуционерна организација немала намера да го толерира постоењето на било каков друг организам или комитет кој не подлежел на нејзините закони. Во овој контекст тој го потенцирал и фактот дека „Македонците повеќе се плашат од цончевистите отколку од Турците"[30].

Истиот автор зборува и за смртта на водачот на Внатрешната револуционерна организација Даме Груев, во крајот на 1906 година нарекувајќи го „душата на рускиот тероризам"[31].

За дејноста на револуционерното движење во Македонија пишуваат и италијанските публицисти Вико Мантегаца и Родолфо Фоà. Вико Мантегаца ги користел информациите за дејноста на револуционерното движење во Македонија од втора рака, собрани надвор од главната арена на настаните. Мантегаца повеќе го интересирале личностите кои дејствувале во Софија како на пр. полковникот Јанков, десната рака на генералот Цончев, отколку оние кои работеле во длабочината на Македонија. Посебно Мантегаца се осврнувал на личноста на Борис Сарафов. Вико Мантегаца го прикажувал Сарафов во позитивно светло, но истовремено го обвинува за неговата „театралност... и убавиот живот во Софија и во странство". За оваа негова слабост забележувал и италијанскиот дипломатски агент во Софија, кој во летото 1904 година ја навестил можноста за повторно враќање на сцената на Сарафов „вплеткан во некој сензационалистички настан, уште повеќе за да обезбеди неопходни средства за својот скап живот тој има потреба да го обезбеди својот углед на опасен агитатор"[32].

---

[29] Giovanni Amadori-Virgilj, La Questione Rumeliota (Macedonia, Vecchia Serbia, Albania, Epiro) e la politica italiana. Volume primo. Bitonto 1908. 159.

[30] Ibidem.

[31] Ibidem, 168.

[32] Marco Dogo, op. cit., 95.

За разлика од Сарафова, Вико Мантегаца негативно се однесува кон личноста и делото на Јане Сандански. Сепак тој ги забележува социјалистичките наклоности на Сандански и притоа вели: „Сандански, човекот чие име инспирира терор[33], не толку во зоната на Битола каде што бил многу ретко виден, но на јужната граница на Кнежевството (регионот на Серес) е анатемисан (од „Македонскиот комитет во Софија“) и исто така поради тоа што му има дадено на својата програма — ако може да се зборува за програма — една одредена боја на социјализам и се изјаснил против монархијата“[34].

Мантегаца, во врска со програмското определување на Внатрешната револуционерна организација за ослободување на Македонија од туѓинското вели: „Внатрешната организација е една многу поразлична работа од бугарско-македонските чети, командувани од офицери на бугарската војска, и кои примаат наредби од Комитетот во Софија, чија аспирација е онаа да можат еден ден да ја присоединат Македонија кон Кнежевството“. Се разбира, вели Марко Дого, според она како му има објаснувано полковникот Јанков на Мантегаца, на теренот на борбата се пронајдуваше согласноста. Но, станувало збор за „две апсолутно различни организации“. Оваа различност произлегувала од нивниот распоред во однос на „етничкиот конфликт“ капиларен и генерализиран којшто од внатре го потресувал „универзумот Македонија“; под овој профил заклучокот на Мантегаца, според Марко Дого, бил крајно верен: „Додека едната (Организација) — онаа на Софија има бугарско политичко национален карактер, другата — онаа Внатрешната — го исклучува овој карактер, на најексплицитен начин. Исто така таа овој пат одново истакнува дека ништо не е поопасно за делото на угнетените од желбата да му се даде на востанието карактер на националност: бидејќи ова ја спречува потполната согласност на сите христијани кои припаѓаат на различните националности, и ништо друго, а само ќе му користи на Турците. . .“[36].

Имајќи го предвид гореискажаното, може да се рече дека значењето на дејноста на Вико Мантегаца, имало одредена тежина, со оглед на тоа што преку неа стигнувале до јавноста во Европа активноста и принципите на Внатрешната револуционерна организација за ослободување на Македонија од странското господство и влијание.

---

[33] Странските публицисти, борбата на македонскиот народ за национално ослободување од оковите на отоманското ропство, често пати, погрешно ја идентификувале со поимот терор и што посебно во овој случај никако не може да стане збор.

[34] Ibidem. Цитирано според: V. Mantegazza, La Turchia Liberarale e le questioni balkaniche. Milano, 1908, 145.

[35] Ibid., 106. Цитирано според: V. Mantegazza, Questioni di politica estera. Milano, 1907, 168.

[36] Ibid.

Покрај Мантегаца и Родолфо Фоа̀[37] се занимавал со прашањето за дејноста на Македонската револуционерна организација. Тој посебно се интересирал за ова прашање по убиството на Борис Сарафов. По неговото убиство, Родолфо Фоа̀ формулирал еден остар суд за него, од којшто читателот, според тоа како вели Марко Дого, можел да насети дека „непријателите на автономијата" не беа само оние наброени од Симеон Радев:[38]

„Воопшто јас верувам дека Сарафов немаше политички ум и во неговата мисла не беше многу јасна визијата на иднината, дека борбата од него започната и организирана ќе може да ѝ се подготви на Македонија. Со мене Сарафов секогаш го одречуваше бугарскиот национален карактер на македонското движење, велејќи дека програмата на Внатрешната организација беше автономија за Македонија подеднакво благодатна за сите националности без разлика. Од друга страна влијанието на Сарафов беше така големо, исто така, во официјалните сфери, што не е за исклучување дека факторите за

[37] Родолфо Фоа̀ бил познат по тоа што ја основал и раководел 15-дневната ревија за надворешна и колонијална политика „L' Italia all' estero" која на 1 јануари 1907 година го започнала излегувањето во Рим. Почнувајќи од првиот број произлегувало дека на македонското прашање му се придава централно значење во интересите на ревијата: две статии со критика на балканската политика на Италија, една кореспонденција од Солун, коментар на едно излагање на првиот грчки министер за конфликтот на вооружените пропаганди во Македонија, интервју со секретарот на Балканскиот комитет. Кон македонските настани беше многу близок, сентиментално и професионално, пиемонтскиот журналист Родолфо Фоа̀, тогаш триесетдвогодишен, кој во Солун имал проживеано од 1900 до 1906 година, во почетокот како наставник во Италијанската кралска гимназија во овој град, и потоа како кореспондент на „Tribuna" — весник со кој задржал, исто така, непрекината соработка. (Како кореспондент или како пратеник, Родолфо Фоа̀ пишувал и за „Gazzetta del Popolo", за „Chicago Daily News", за „Giornale d' Italia"; долго престојувал во Париз и во Лондон, градови во кои тој дефинитивно се населил во 30-тите години). Со ревијата Родолфо Фоа̀ раководел дваесет месеци, којашто потоа му ја препуштил на Батиста- Пелегрини, поранешен секретар на Занардели, во октомври 1908 година. Родолфо Фоа̀ бил обвинуван дека бил: агент на бугарската пропаганда во Италија, според грчкиот печат, емисар на империјалистичката и експанзионистичка италијанска политика на Балканот, (често споделувана со Вико Мантегаца), исто така, и шпион на Англичаните, според австрискиот печат.

Во ревијата наоѓале места посебно балканските настани, и тоа повеќе од Солун и Софија, со прекини од Белград, Букурешт и Цариград и спорадично од Атина и Цетиње. I.191.

[38] Симеон Радев, роден од Ресен, студирал во Женева, а во Швајцарија развил голема дејност. Тој бил и бугарски пратеник во Букурешт. Познат е и како пријател на професорот Павле Миљуков. Бил новинар — левичар (и дописник на парискиот Тан), дури и близок на анархистите кој во Софија припаѓал на струјата на Сарафов. Познат и како уредник на публикацијата „Македонско движење", политички писател, добар организатор и познавач и на турскиот, грчкиот и романскиот јазик.

една поголема Бугарија се користеле со него за подготвување на идната анексија на Македонија кон Книжевството".[39]

Потоа откако станало познато дека автор на ова убиство бил еден приврзаник, како што вели Родолфо Фоà[40], на „комитетот Сандански" и дека станувало збор за „политичка одмазда" му била доделена задачата на новинарот Бенедетто де Лука да изврши комплетна реконструкција на настанот, т.е. кои биле предусловите да се дојде до овој чин. Така на читателите на „L' Italia all' Estero" им било претставено дека, по смртта на Даме Груев, „Три големи фракции се бореа за да го дофатат раководството на комитетите: партијата на Гарванов, онаа на Сарафов и третата на Сандански. Бидејќи овој последниот со својата позната изрека: Македонците ќе ја ослободат Македонија без вмешување на соседните држави; во Македонија не треба да бидат ниту Бугари, ниту Грци, ниту Срби, ниту Романци, ниту Турци, но единствено Македонци", станал најпопуларен од македонските водачи, спротивставувајќи го интернационализмот на своите принципи на национализмот на непријателската пропаганда. Гарванов и Сарафов, за да го парализираат неговото влијание, мислеле да се помират со страшниот противник. Но помирувањето не направило ништо, освен што довело до потпалување на омразите. Сандански ги прекорувал националистите дека примале пари од бугарската влада, за доверување на владата за ослободителната работа на Македонија, а тие го обвинувале него за гасење со неговите принципи на ентузијазмот на слободните Бугари за нивните браќа од Македонија. Обидите за помирување пропаднале... „бидејќи кавгата се распламти во омраза..."[41].

Интересно е да се спомене и тоа дека сведоштва за дејноста на Македонската револуционерна организација можеле да се добијат и од италијанските офицери кои се наоѓале во Македонија во рамките на реорганизацијата на македонската жандармерија предвидена со одлуките од Мирцнтег. Но, за ова ќе пишуваме во некои наши идни навраќања на оваа тема.

---

[39] I., 203. Цитирано според: Rodolfo Foa, Il delitto di Sofia, „L' Italia all' Estero", 16 dicembre 1908.

[40] Фактички ова убиство дошло како последица од подготвуваниот заговор од страна на врховистите против Јане Сандански, и затоа Окружниот комитет на серскиот округ, на 10 октомври 1907 година, ги осудил на смрт заговорниците Борис Сарафов, Иван Гарванов и Михаел Даев. Убиството било извршено во ноември истата година од Тодор Паница.

[41] Benedetto de Luca, La chiusura dell 'anno nei Balcani, „L, Italia all 'Estero", 1 marzo 1908. Позициите припишани на Сандански од Бенедето де Лука суштествено коинцидирале со она што го изнесува, во своите мемоари, еден од присутните на обидот за помирување кој се случил во Софија малку пред убиството. Хр. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония. Томь втори. Следъ Илинденското възстание. София 1943, 498.

[42] Ibidem.

По избувнувањето на Илинденското востание дошло до зголемување на заинтересираноста на италијанската јавност за дејноста на македонското национално ослободително движење. Италијанските весници уочувале дека револуционерната организација во Македонија фактички значела една држава во Отоманската држава која располагала со свои органи во областа на правосудството, финансиите и др. Значаен придонес во разјаснувањето на значењето на Внатрешната револуционерна организација давале и италијанските публицисти Одино Моргари, Луиџи Барзини, во помал обем — Џовани Амадори-Вирџил и некои други. Тие ги уочувале и анексионистичките намери на Врховниот комитет во Софија кон Македонија. Од друга страна се истакнала непомирливоста на Внатрешната револуционерна организација која немала намера да ја толерира активноста на врховистичката организација во Македонија. Покрај гореспоменатите публицисти, за револуционерното движење во Македонија пишувале и Вико Мантегаца и Родолфо Фоà. И покрај некои нивни неточни становишта, тие ја увидувале разликата во дејноста на Внатрешната револуционерна организација и онаа на Врховниот комитет во Софија.

Kocho SIDOVSKI

## THE ATTITUDE OF THE ITALIAN PUBLIC OPINION TOWARDS THE MACEDONIAN NATIONAL LIBERATION MOVEMENT DURING AND FOLLOWING THE ILINDEN UPRISING


Summary

After the outbreak of the Ilinden Uprising the Italian public became increasingly interested in the activity of the Macedonian National Liberation Movement. The Italian press realized that the revolutionary organization in Macedonia, in fact represented a state within the Ottoman state that had its own government with civil judiciary and financial administration. A significant contribution to the clarifying of the role of the Internal Revolutionary Organization is given by the Italian journalists. They had been aware of the annexationist aspirations of the Supreme Committee in Sophia towards Macedonia. On the other hand, they emphasised the irreconsilability of the Internal Revolutionary Organization that had no intention to tolerate the activity of the Vrhovists (Supremists) in Macedonia. In spite of certain untrue statements of the Italian journailsts, they had realized the difference in the activity of the International Revolutionary Organization and that of the Supreme Committee in Sophia.